# Microsoft Office PowerPoint 2007

PowerPoint претставува апликација за изработка на презентации. Апликацијата ја користат широк спектар на луѓе како што се: бизнисмени, професори, студенти, итн. Апликацијата е лесна за употреба, нуди многу можности и речиси е незамисливо во денешно време студентите да немаат познавање од оваа или слична апликација која нуд можност за изработка на презентации.

## Основни елементи

Документот на кој се работи во PowerPoint се нарекува презентација (presentation) и е со екстензија .pptx (PowerPoint 2007) или .ppt (PowerPoint 2003). Самиот документ е организиран во слајдови на кои се поставуваат основните содржини (насловни, тематски единици, примери, објаснувања, итн.).

По вклучувањето на апликацијата ќе забележите дека организацијата на работниот простор и командите е многу слична како кај Excel и Word. И тука имаме Ribbon, Office Button, итн.

Вообичаен начин за стартување на Microsoft PowerPoint е:

- преку Старт менито → All Programs → Microsoft Office →Microsoft Power Point,
- преку кратенка на програмата.



При отворањето на нова презентација ви се нудат неколку можности. Да отворите потполно нова презентација која ќе биде празна и ќе треба сами да ја дизајнирате (позадина, боја на текст, големина на текст итн.), да изберете готови урнеци (templates) кои се сместени на вашиот компјутер или пак да најдете урнеци на Интернет па потоа истите да ги искористите на презентацијата. Исто така, се нуди можност и самите вие да си креирате урнек кој ќе може да си го користите за ваши презентации.




## Работа со слајдови

Како што претходно спомнавме, основни елементи од кои се состои една презентација се слајдовите. Според тоа многу е битно да знаеме правилно да работиме со истите (додавање нови слајдови, бришење, менување, итн.). Прикажувањето на слајдовите може да биде на два начини: Slides (основен начин на прикажување во облик на мали сликички) и outline (се прикажуваат насловите на слајдовите и главните точки кои ги содржат истите).



Главно со слајдовите се работи на два начини: со десен клик над нив и избирање на соодветна опција или пак преку Home табот кој ги дава истите команди.




## Додавање на нови слајдови

Да речеме дека само што сте започнале да ја правите вашата презентација. Најчесто на почетокот треба да стои насловна страна на која ги давате основните податоци за презентацијата (темата на презентацијата, авторот, институцијата на која припаѓа, итн.). За да додадеме нови слајдови постојат два начини:

- Десен клик над слајдот по кого сакаме да се појави следниот и избираме New Slide
- Во Home табот избираме New Slide.

Кога сме веќе кај десен клик над некој слајд можеме да ја забележиме и можноста да се копира истиот слајд (duplicate slide). Особено е корисно кога претходниот слајд има многу слична содржина со наредниот со само мали измени.



Откако ќе го додаде слајдот особено битна е опцијата Layout која се наоѓа во Home табот, и нуди можност да изберете какво да биде прикажувањето на слајдот (празен, во две колони, во вид на насловна, итн.).




## Бришење на слајдови

Бришењето на слајдови исто така може да се направи на два начини:

- Десен клик над слајдот и Delete Slide,
- Во Home табот избираме Delete Slide.

## Погледи на презентациите

Постојат неколку типа на погледи на презентациите кои може да се искористат во различни прилики. Се повикуваат преку View табот и во продолжение е дадено кратко објаснување на истите.



- **Normal**
  - **Прикажување на еден слајд**. Во прозорецот се разликуваат 3 панели што го олеснуваат дизајнирањето на тековниот слајд: самиот слајд (Slide), белешките (Notes) и организација на презентацијата (Outline).
- **Slide Sorter**
  - **Прикажување на повеќе слајдови истовремено**. Како што кажува самото име, особено е корисен кога сакаме да направиме сортирање и организација на слајдовите.




- **Notes Pages**
  - **Прикажување на слајдовите со белешките**. Под самите слајдови можете да оставате белешки.
- **Slide Show**
  - **Прикажување на презентацијата**. Истото може да го направите и со притискање на копчето F5 доколку сакате презентацијата да започне од почеток или со Shift+F5 доколку сакате презентација да започне од слајдот на кој моментално се наоѓате.



## Генерален изглед на слајдовите (теми)

Преку Design табот се нуди можноста да се избере еден општ изглед (тема) на слајдовите, позадина, текст и сл.




Во истиот таб може да се постави ориентацијата (легната или исправена) или димензиите на страната (Page Setup).




## Внесување на мултимедијални објекти и линкови

Во Insert табот многу лесно можеме да се снајдеме со додавање на рамки за текст, готови објекти, звук, видео, линкови, итн. Имено овој дел е многу сличен со Word и Excel, па затоа ќе се задржиме само на новите работи.

## Алатката Action

Алатката “Action” ни нуди можност да поставиме одредена акција при клик на дел од текст, копче или некој објект. Притоа, при извршување на акцијата можеме да скокнеме на друг слајд, да повикаме одреден програма, да се вратиме на почетокот од презентацијата и сл.




Акцијата може да се активира преку клик со глувчето (mouse click) или пак само со поминување над местото каде е поставена акција (mouse over).

## Додавање на звук и видео

При додавање на звук и видео се отвораат можности тоа да се направи со веќе постоечки фајл или фајл кој го нуди самиот PowerPoint (clip Art). При внесувањето на музичкиот или видео клипот се отвораат дополнителни менија кои ви овозможуваат да манипулирате со истите.



Дополнително мени за звучен клип:




Дополнително мени за видео клип:




## Анимации и транзиции меѓу слајдови

Со цел да се подобри целосниот впечаток на презентацијата, да се нагласи нешто или пак да се задржи вниманието кон одредени делови, честопати се користат анимации и транзиции меѓу слајдови.

## Анимации

Анимациите ни овозможуваат различни делови од слајдот да се прикажуваат на различен начин. Пример: Реченицие да се прикажуваат една по една или пак одреден објект да "влета" во салјдот или пак буквите во речениците да се испишуваат една по една. За сето ова PowerPoint нуди опции кои лесно може да се искористат и се наоѓаат во табот Animations.



## Транзиции меѓу слајдови

При преминот од еден во друг слајд можете да додадете различни ефекти кои може да бидат дополнети со звук, да се постави брзината на транзицијата и сл.




## Прикажување на презентација

- Активирање на презентација
  - View –> Slide Show (F5) - да започне од првиот слајд
  - Со селекција на копчето Slide Show во долниот десен агол - да се започне од моментално избраниот слајд (Shift+F5)
- Управување со прикажувањето на слајдовите
  - Next, Previous, Last Viewed – движење низ слајдовите нанапред и наназад
  - Go to Slide – прикажува листа од слајдовите
  - Pointer Options – различни типови на покажувачот
  - Screen - овозможува паузи за презентацијата




  - End Show – крај на презентацијата
- Додавање копчиња за акција на слајдовите
  - Insert –> Shapes –> Action Buttons